**К.бр.370/16**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Основниот суд Струмица, преку судијата Лорета Горгиева како судија поединец со записничар Марија Нанова, одлучувајќи во кривична постапка од прв степен по обвинителен предлог на ОЈО С. КО.бр.300/2016 од 19.08.2016 година, против Јузмије Мустафова од С., за кривично дело „Неплаќање издршка“ по чл.202 ст.1 од КЗ, по одржаната главна, јавна и усна расправа, во присуство на јавен обвинител Виолета Милчовска, законскиот застапник на оштетените, децата Абдулкерим Мустафов и Мелда Мустафова, нивниот татко Б.М. од К. и обвинетата, основа на чл.381 од ЗКП, денес 26.09.2016 година, ја донесе и објави следната:

**П Р Е С У Д А**
**-врз основа на признание на вина**
**на главна расправа-**

**ОБВИНЕТАТА:**

**ЈУЗМИЈЕ МУСТАФОВА** од татко Ј , мајка Д, роден ... година во С. , каде и живее ул.„ Б„ бр. , Р, државјанин на РМ, ЕМБГ ..., разведена , живее вонбрачно во С. со лицето Тургут Исинов од С. , мајка на 4 малолетни деца , писмена без образование, невработена, досега неосудувана

**ВИНОВНА Е**

**ЗАТОА ШТО:**

Во периодот од 01.02.2016 година до 17.08.2016 година одбегнува да дава издршка определена врз основа на правосилна и извршна судска одлука на Основен суд К П2.бр.74/15 од 01.02.2016 година за својот малолетен син Абдулкерим Мустафов роден 01.10.2011 година износ од 1.500,оо денари месечно и за својата ќерка Мелда Мустафова родена 15.10.2014 година износ од 1.500,оо денари месечно.

Со своите дејствија обвинетата Јузмије Мустафова сторила кривично дело „Неплаќање издршка“ по чл.202 ст.1 од КЗ.

Согласно цитираната одредба и Закон, и чл.4, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ в.в чл.404 од ЗКП и согласно одредбите на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, спрема обвинетата се изрекува алтернативна мерка

**У С Л О В Н А О С У Д А**

**Со која и се утврдува КАЗНА ЗАТВОР во траење од 30 (триесет) дена, која нема да се изврши доколку обвинетата во рок од 1 (една) година по**

**правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.**

**Согласно чл.105 в.в. со чл.102 ст.2 т.6 и 8 од ЗКП** обвинетата се задолжува да плати:

-на име паушал износ од 1.000,оо денари, во корист на буџетските средства на РМ,

-на име нужни трошоци по постапката за оштетените, за законскиот застапник Махир Мустафов од К. износ од 5.800,оо денари,

сето во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата под страв на присилно извршување.

**Согласно чл. 114 од ЗКП и чл.202 ст.2 од КЗ, се задолжува** обвинетата Јузмије Мустафова да плати на име издршка за децата Абдулкерим Мустафов и Мелда Мустафова, преку нивниот законски застапник, таткото Б.М. од К., вкупен износ од 21.000,оо денари, во рок од 3 месеци по правосилноста на пресудата, под страв од присилно извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ОЈО С. со поднесениот до овој суд обвинителен предлог КО.бр.300/16 од 19.08.2016 година ја обвини Јузмије Мустафова од С. за кривично дело „Неплаќање издршка“ по чл.202 ст.1 од КЗ.

Во својот уводен говор застапникот на обвинението, јавен обвинител Виолета Милчовска, остана при обвинението и понудените докази согласно листата на ОЈО С., а во завршен збор по даденото на признавањето на вина од обвинетата, предложи судот да донесе пресуда согласно чл.381 од ЗКП, а при одмерување на вид и висина на санкцијата да ги цени сите околности и да одмери казна согласно Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Законскиот застапник на оштетените, децата Абдулкерим Мустафов и Мелда Мустафова, нивниот татко Б.М. од К., се приклучи кон прогонот, а во завршен збор го прифати завршниот збор на јавниот обвинител и пријави имотноправно барање на издршка за двете деца од по 1.500 денари месечно за период како по обвинението од месец февруари заклучено со месец август 2016 година или за 7 месеци вкупно 21.000,оо денари, со кој износ бараше да биде адолжена обвинетата. Бараше трошоци направени по оваа постапката во износ од 8.000,оо денари.

На одржаната главна и јавна расправа обвинетата Јузмије Мустафова прифати вина и го призна делото што со обвинителниот предлог и се става на товар, свесна за правните последици од признавањето на вина, како по однос на запретената казна, така и по однос на обврската за обештетување на оштетените, односно плаќање на неисплатените издршки за периодот како во обвинението и трошоците по постапката, а во завршен збор изрази каење за стореното дело и бараше судот да и остави подолг рок за исполнување на обврската бидејќи е невработена.

По признанието на вината дадено на главната расправа од обвинетата и согласно чл.381 ст.3 од ЗКП изведувањето на доказите кои се однесуваат на одлуката на судот за санкција и имотното барање пријавено од таткото, законскиот застапник на оштетените, децата Абдулкерим Мустафов и Мелда Мустафова, Б.М. од К., судот ја утврди следната фактичка состојба:

Со пресуда на Основен суд Кавадарци П2.бр.74/15 од 01.02.2016 година бракот склучен меѓу Јузмије Мустафова од С. и Б.М. од К. е разведен, малолетните деца родени во бракот Абдулкерим Мустафов роден 01.10.2011 година и Мелда Мустафова родена 15.10.2014 година, се доверуват на чување воспитување и делумно издржување на таткото Б.М., а сега обвинетата Јузмије како мајка е задолжена со плаќање на месечна издршка за секое дете по 1.500,оо денари месечно, сметано од денот на пресудувањето 01.02.2016 година, се додека постојат законски услови за тоа, а средствата да ги плаќа преку законскиот застапник таткото Бахир. Од досудување на обврската за плаќање на издршката за малолетните деца до 17.08.2016 година обвинетата одбегнувала да ја дава издршка со која е задолжена со горецитираната правосилна и извршна пресуда на Основен суд К.. Со неплаќање на издршката за период како во обвинението или за 7 месеци , таа не платила издршка за двете деца во висина од вкупно 21.000,оо денари.

Со напред опишаните дејствија обвинетата Јузмије Мустафова од С. сторила кривично дело „Неплаќање издршка“ по чл.202 ст.1 од КЗ.

Горната фактичка состојба судот ја утврди врз основа на признанието на вина кое обвинетата го даде на главната расправа.

При вака утврдена фактична состојба следуваше судот да обвинетата ја огласи за виновна за делото што и се става на товар и осуди на казна согласно КЗ и Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

При одмерувањето на видот и висината на казната, судот ги ценеше сите околности во врска со одмерувањето на казната согласно Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, кои беа предочени и изведени на главната расправа. Така, согласно чл.10 од овој Закон, за кривичното дело „Неплаќање издршка“ по чл.202 ст.1 од КЗ, за кое согласно КЗ е предвидена парична казна или казна затвор до 1 година, е сместено во V хоризонтална категорија. Со оглед да обвинетата е досега неосудувана кој факт се утврди од увид во Казнена евиденција на овој суд, согласно чл.11 од Законот за одредување на видот и одмерувањето на висината на казната, во кој член критериумот со кој се цени поранешниот живот на сторителот е определен во шест вертикални категории, обвинетата е сместена во првата категорија. По определувањето на хоризонталната и вертикалната категорија, се утврди дека на обвинетата судот може да и изрече парична казна од 5-120 дневни глоби или од 30 дена до 2 месеца затвор. Со определување на рамките на казната, судот потоа ги ценеше олеснителните и отежнителните околности, со цел индивидуализација на казната. Така, во делот на оценка на олеснителните околности, како такви ги ценеше во категоријата поранешен живот на обвинетата во нејзина корист ја бодува со 5 бода бидејќи не се води постапка за друго кривично дело, за изразено жалење и каење поради извршеното дело ја бодува со 2 бода, за коректно однесување во текот на постапката и допринос кон ефикасно окончување на постапката со по 1

бод по двата основи или 2 бода; во категоријата други околности што се однесуваат на личноста на сторителот, како олеснителна околност го ценеше фактот што обвинетата е невработена и безимотна и ја бодуваше со 2 бода, за семејна состојба со оглед да е мајка на 4 деца ја бодуваше со 2 бода, или севкупно по сите основи го бодуваше со 13 бода во корист на олеснителни околности за обвинетиот. Во делот на оценка на отежнителните околности судот не најде отежнителна околност во предвидените категории и со оглед на крајниот исход во корист на олеснителните околности од 13 бода, судот ја одмери казната во рамките на долната граница за предвиденото ниво и рамка и за стореното дело и изрече казна затвор во траење од 30 дена. Меѓутоа со оценка на сите околности, судот ценеше дека се исполнети условите на чл.16 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната и дека целта на казнувањето ќе се постигне и со изречена алтернативна мерка, за што утврдената казна затвор и ја услови, односно наместо активна казна затвор од 30 дена и изрече алтернативна мерка условна осуда со време за проверка од 1 година, ценејќи дека во конкретниот случај со изрекување на алтернативна мерка ќе се постигне целта на казнувањето во смисла на генералната и специјалната превенција.

Согласно чл.102 ст.2 т.6 и 8 од ЗКП судот ја задолжи обвинетата со паушал во износ од 1.000 денари, согласно нејзината имотна состојба и траењето на постапката, како и со трошоци на оштетените како нужни издатоци на законскиот застапник на оштетените деца, таткото Б.М. , износ од 5.800,оо денари, а се однесуваат на состав на кривична пријава од полномошник Даница Милкова, адвокат од К., во висина од 5.000,оо денари (согласно Одлуката за измена на тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите Сл.весник на РМ бр.122 од 01.07.2016г.) и 800,оо денари за патни трошоци на законскиот застапник за релација К.-С. и обратно за присуство на расправа, а во висина на автобуска карта. Бараниот износ од уште 1.300,оо денари за полномошно на адвокат Даница Милкова од К., судот не го досуди бидејќи од списите на предметот не се утврдува дека такво е дадено, а не ја досуди ниту разликата во патни трошоци од досудените до бараните трошоци со сопствен превоз.

Врз основа на чл.114 од ЗКП и чл.202 ст.2 од КЗ, судот ја задолжи обвинетата со плаќање на заостанатите издршки за децата Абдулкерим Мустафов и Мелда Мустафова, преку нивниот законски застапник, таткото Б.М. од К., за периодот од 7 месеци како во обвинението, вкупен износ од 21.000,оо денари, кој да го плати во рок од 3 месеци по правосилноста на пресудата, под страв од присилно извршување.

Предвид погоре изнесеното, се одлучи како во изреката.

**Од Основен суд Струмица под К.бр.370/16.**

**Записничар,** **Судија,**

**Марија Нанова с.р.** **Лорета Горгиева с.р.**

**ПОУКА**: Против оваа пресуда незадоволната странка има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на истата, преку овој суд до Апелационен суд Штип.